МЕЃУНАРОДЕН СЛАВЈАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ
„ГАВРИЛО РОМАНОВИЧ ДЕРЖАВИН“
СВЕТИ НИКОЛЕ
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА



ФАКУЛТЕТ ЗА БЕЗБЕДНОСНО ИНЖЕНЕРСТВО
СТУДИСКА ПРОГРАМА:

МАГИСТЕРСКА РАБОТА

ДИЗАЈНИРАЊЕ И ИМПЛЕМЕНТИРАЊЕ ЗОНА НА ЧИСТ ВОЗДУХ ВО УРБАНА СРЕДИНА

СТУДЕНТ: **НИКОЛА**
БРОЈ НА ИНДЕКС:
МЕНТОР: **ПРОФ. Д-Р СЛОБОДАН БУНДАЛЕВСКИ**

Свети Николе, 2024

АПСТРАКТ

Од причини што постојано сме сведоци на секојдневна изложеност на населението на опасни загадувања, сè повеќе се посветува внимание на здравата животна средина. Од тие причини, неопходно е да се превенира изложеноста на луѓето на таквото загадување и затоа е потребно да се откријат навреме, да се детектираат и измерат вредностите и нивоата на полутантите од изворите на загадување.

Поради нераскинливата врска помеѓу луѓето и животната средина, воздухот што го дишеме, водата што ја пиеме, храната што ја јадеме и енергијата што ги напојува нашите домови и бизниси, потребно е сите ние да се потрудиме да ја заштитиме животната средина.

Во овој магистерски труд предмет и цел на истражувањето е да се извршат мерења на концентрациите на загадувачи на две локации (PM2.5 и PM10 честички, јаглерод диоксид (CO_2), формалдехид ($HCHO$), температура и влажност на воздухот) во затворена непроветрена просторија и на раскрсница на прометни булевари во Скопје, по што е направена компаративна анализа на добиените резултати. Резултатите докажаа дека постои разлика во концентрацијата на загадувачите на воздухот во затворена непроветрена просторија и на раскрсница на прометни булевари.

Клучни зборови: дизајнирање, загадување, зона на чист воздух

ABSTRACT

Due to the fact that we are witnessing the daily exposure of the population to dangerous pollution, more and more attention is being paid to a healthy environment. For those reasons, it is necessary to prevent the exposure of people to such pollution and therefore it is necessary to discover in time, detect and measure the values and levels of pollutants from pollution sources.

Because of the inextricable connection between people and the environment, the air we breathe, the water we drink, the food we eat and the energy that powers our homes and businesses, it is imperative that we all protect and maintain the health of the natural environment.

In this master's thesis, the subject and purpose of the research is to measure the concentrations of pollutants in two locations (PM2.5 and PM10 particles, carbon dioxide (CO2), formaldehyde (NSNO), temperature and air humidity): in a closed, unventilated room and at the intersection of busy boulevards in Skopje, after which a comparative analysis of the obtained results was made. The results proved that there is a difference in the concentration of air pollutants in a closed unventilated room and at an intersection of busy boulevards.

Keywords: Design, pollution, clean air zone

Листа на слики

Слика 1: Дали би го оставиле вклучен моторот во мирување знаејќи дека може да им штети младите бели дробови?
Слика 2: Содржина: „Астма, белодробни и срцеви заболувања“
Слика 3: Дали би го оставиле вклучен моторот во мирување знаејќи дека може да предизвика белодробни заболувања?
Слика 4: Електрични велосипеди
Слика 5: Пешачка патека во Париз
Слика 6: Велосипедска инфраструктура во Севиља, Шпанија
Слика 7: Сензори за дожд во Ротердам
Слика 8: Пешачење и возење велосипед во 15-минутен град
Слика 9: Нови јавни простори
Слика 10: Е-скутери
Слика 11: Е-велосипеди
Слика 12: Е-возила
Слика 13: Zero-emission bus charging systems
Слика 14: Електрични автобуси
Слика 15: Урбани улици за возила
Слика 16: Концентрации на PM2.5 и PM10 честички
Слика 17: Концентрации на PM2.5 и PM10 честички
Слика 18: Концентрации на PM2.5
Слика 19: Концентрации на PM2.5 и PM10 со график – радар
Слика 20: Концентрации на јаглерод диоксид во воздух
Слика 21: Концентрации на јаглерод диоксид
Слика 22. Концентрации CO2 во графика – радар
Слика 23: Концентрации на загадувач формалдехид
Слика 24: Графички формат на концентрации на HCHO
Слика 25: Графички приказ (радар) за концентрации на HCHO
Слика 26: Загадување со CO2 и влажност на воздухот
Слика 27: PM2.5 и влажност на воздухот
Слика 28: PM2.5 и влажност на воздухот

СОДРЖИНА

Вовед ---------- 2

I ТЕОРЕТСКИ ДЕЛ

1. Зоните со ниски емисии одлично се справуваат со загадувањето на воздухот ---------- (4)
2. Чист воздух, ниски емисии и зони со намален застој (метеж) ---------- (7)
3. Да се обезбедат вистински алтернативи со инвестирање во пешачење, возење велосипед и јавен превоз ---------- (12)
4. Консултирање и соработка за да се изгради коалиција на моќни поддржувачи ---------- (13)
5. Како 40 градови во светот имплементираат области со нулта емисии --- (14)
6. Пешачење и возење велосипед ---------- (44)
7. Како да создадеме автобуски возен парк на нула емисија со набавка само на електрични автобуси ---------- (61)
8. Сообраќај и урбанистичко планирање ---------- (73)

II МЕТОДОЛОШКИ ДЕЛ

9. Методологија на истражувањето _____ (77)
10. Практично истражување: Мерење на загадувачи во воздухот на микролокации ---------- (78)

Заклучно согледување ---------- (87)

Користена литература ---------- (91)

Прилог 1. Референтни параметри на квалитет на воздух ---------- (94)

ВОВЕД

На најфундаментално ниво, нашето здравје и просперитет зависат од здравјето на планетата на која живееме - од воздухот што го дишеме, водата што ја пиеме, храната што ја јадеме и енергијата што ги напојува нашите домови и бизниси. Сите ние треба да го заштитиме и одржиме здравјето на природната средина.

Ова е особено важно кога се работи за квалитетот на воздухот. Загадувањето на воздухот е главен ризик фактор за човековото здравје, и четврта по ред закана за јавното здравје после канцерот, срцевите заболувања и дебелината. Тоа нè прави поподложни на респираторни инфекции и други болести и активностите за заштита можат значително да ги намалат трошоците од загадувањето на воздухот за општеството.

Загадувањето на воздухот честопати го сметаме за проблем предизвикан од патниот сообраќај и индустриско согорување на фосилни горива. Ова се два централни извори на загадување, но треба да се поправи многу кај најголемите виновници преку поттикнување за користење на чисти горива и инвестирање во нови технологии.

Исто така, потребно е да се справиме и со другите извори на загадување на воздухот кои го оштетуваат човековото здравје и животната средина. Загадувањето на воздухот може да биде предизвикано од интензивното земјоделско производство на храна, загревање на нашите домови или дури и од чистење со одредени растворувачи.

Затоа ни треба сеопфатна акција за да го зачуваме нашето здравје.

На пример, порастот на популарноста за користење печки на дрва и камини, придонесува PM честичките – ситни честички кои влегуваат во белите дробови и крвта и се транспортираат низ целото тело, да се заглавуваат во срцето, мозокот и другите органи. Како и многу други загадувачи, честичките може да имаат краткорочно влијание или долгорочни влијанија (ниско ниво на изложеност во текот на подолг временски период):

- нашата цел треба да биде да ги намалиме емисиите на честички за **30 %** до **2025** година и **45 %** до **2030** година.

Емисиите на амонијак од земјоделството исто така се зголемуваат. Се зголемува и широката употреба на испарливи органски соединенија кои се користат во секојдневно чистење и тоалетните производи. Тоа претставува сериозен ризик од нивната изложеност. Делумно и смогот се припишува на земјоделските емисии на амонијак.

Вооружени со зголемена свест и подобрени научни мерења и истражувања, ние мора да се справиме со овие проблеми со нова цел што ги зема предвид упатствата на Светската здравствена организација.

Изложеноста на загадување на атмосферата е еден од најголемите (во Македонија) предизвици на јавното здравје, што предизвикува скратување на животниот век и штети на квалитетот на животот за многу луѓе. Тоа исто така штети на природната средина, влијае на нашите водни ресурси, на биолошката разновидност и приносите на земјоделските култури.

Чистиот воздух е од суштинско значење за животот, здравјето, животната средина и економијата. Владата мора да дејствува за справување со загадувањето на воздухот што го скратува животот. Но возилата не се единствен извор на штетни емисии. Загадувањето на воздухот е резултат на постапки со кои ние моментално произведуваме струја, ги загреваме нашите домови, произведуваме храна, произведуваме добра за широка потрошувачка и транспорт на енергија. **Со примена на поквалитетни технологии** и **едноставни промени во однесувањето, можеме да се справиме со загадувањето кое одзема многу животи**.

Треба да усвоиме и применуваме амбициозни, законски обврзувачки меѓународни цели за намалување на емисиите на пет од најштетните загадувачи на воздухот (**ситни честички**, **амонијак**, **азотни оксиди**, **сулфур диоксид**, **неметански испарливи органски соединенија**) до 2025 и 2030 година. Исто така, треба да поставиме нови цели за да се намали јавната изложеност на загадување со честички, како што е предложено од Светската здравствена организација.

Зони со ниски емисии (**LEZ - Low Emission Zones**), понекогаш познати како **зони на чист воздух** (Clean Air Zones) се во центарот на вниманието на многу градови со цел се справат со проблемите поврзани со загадување на воздухот, емисии на стаклени гасови и метеж во сообраќајот. Зоните се моќни алатки за врамување (ставање во рамка – системско решавање) и реализирање на

политиките поврзани со овие прашања. А спроведувањето политики во одредена зона, наместо во цел град, може да биде поприфатливо за јавноста и локалните бизниси. Ваквите зони со ниски емисии обезбедуваат начин градовите побрзо да преземат амбициозни активности во приоритетната област.

Спроведувањето политики во одредена зона, наместо во целиот град, може да им овозможи на градовите побрзо да преземат амбициозни активности во приоритетната област. Зоните со ниски емисии се моќни алатки за градовите да ги обликуваат и управуваат климатските политики, особено за транспортот.

Градовите можат да ги прошират овие зони кога придобивките стануваат видливи. Сепак, воведувањето на LEZ често е политички предизвик, а градовите кои сакаат да ги спроведат, веројатно ќе наидат на противење. Секако постојат **испробани и проверени политички опции** (успешно реализирани решенија во повеќе градови во светот) за LEZ и **стратегии за навигација** на овие пречки

I ТЕОРЕТСКИ ДЕЛ

1. Зоните со ниски емисии одлично се справуваат со загадувањето на воздухот предизвикано од сообраќајот

Досега **зоните со ниски емисии** (LEZ) главно се фокусираа на справување со загадувањето од сообраќајот. Тие имаат потенцијал да вклучат и политики кои се однесуваат на согорување на цврст отпад, горива за домаќинства и индустриски емисии. **Стратегијата за чист воздух** (Clean Air Strategy) ги прикажува плановите на локалните власти да стекнат **нови законски овластувања** за спроведување на зони за чист воздух, насочени кон:

- Возила кои користат дизел гориво;
- Горива во домаќинствата;
- Согорување на биомаса за производство на енергија (покрај емисии во сообраќајот).

Добивање и одржување популарен мандат за дејствување

Градовите треба да ја истакнат и формализираат потребата за намалување на емисиите врз основа на прашања произлезени од најголемата грижа на јавноста и локалните бизниси. Честопати, ова значи справување со **метежот во сообраќајот** и **здравствените влијанија** од загадувањето на воздухот. Градските власти можат да го направат решавањето на овие прашања суштински дел од нивниот изборен манифест, вклучително и спроведување на LEZ. Актуелните градски власти можат да ангажираат **локални консултанти** и **да водат кампањи за подигање на свеста** за да започнат со оваа стратегија.

Поддршката за LEZ треба да биде доволно силна за да се предаде на следните (во повеќе мандати) градски власти. Градовите може да размислат за формирање **меѓупартиска коалиција** за да го остварат ова. На пример, во Лондон, меѓупартискиот комитет го означи токсичниот воздух во главниот град како „**итен случај на јавното здравје**“ („public health emergency“), поткрепувајќи ја поддршката за **зона со ултраниска емисија** (ULEZ – Ultra - Low Emission Zone). Исто така, **меѓупартиската поддршка** помагна да се воспостави пат кон LEZ во градот Бристол.

Дури и ако огромно мнозинство од жителите сметаат дека загадувањето или метежот во сообраќајот се проблем, тоа не секогаш се претвора во исто ниво на поддршка за LEZ и неговите политики. Затоа, градовите мора:

- да преземат силни локални консултации и да донесуваат одлуки засновани на докази;
- да изградат коалиција со поддржувачи, вклучително и јавноста;
- да се осигура дека граѓаните имаат опипливи придобивки.

Доколку е **добро дизајнирана**, зоната со ниски емисии (LEZ) обезбедува брзи локални придобивки (бенефити) што може да донесе поддршка и за зоната и за градската власт што ја спроведува. Политичарите треба да дејствуваат брзо за да го задржат моментумот и да ги искористат придобивките во рамките на нивниот политички мандат, истовремено внимавајќи да планираат успешен LEZ.

Градоначалникот на Лондон во својот изборен манифест вклучи зона за наплата на метеж во сообраќајот.

Во 2000 година, Ken Livingstone беше избран за градоначалник на Лондон, делумно со ветување дека ќе се справи со градскиот метеж преку воведување на нова зона за наплата на метеж. Во 2003 година, при лансирање на зоната за наплата на метеж во Лондон, **90 %** од жителите се согласиле дека на патиштата (улиците) има премногу сообраќај, а само мало мнозинство биле за воведување на плаќање. Само една година подоцна, процентот на лондончани за поддршка на зоната за наплата на застојот се зголемила на **75 %** и станало незамисливо да не се реализира. Оттогаш, зоната стана поактуелна и брзо се прошири.

Кога градоначалникот Ken Livingstone се кандидира за реизбор во 2004 година, неговиот противник вети дека ќе ја укине наплатата. Градоначалникот Livingstone доби втор мандат. Иако шемата првпат беше имплементирана за **да се намали метежот**, нејзиното **влијание врз загадувањето** на воздухот е главна причина за нејзината популарност. Наплатата за метеж во зоната е директно одговорна за намалување на повеќе од **10 %** на емисиите на **NO_X** и **PM10** и над **16 %** на емисиите на **CO_2**.

Да се дефинира големината, опсегот и рамката на LEZ врз основа на локални реални податоци.

Дизајнот на LEZ е чувствителен и сложен. Одлуките за големината, опсегот и рамката треба да се засноваат на конкретни докази за одреден локален проблем. Особено треба да се разгледа:

- кои се главни локални загадувачи и нивните извори;
- кое население е најмногу изложено на загадување, вклучувајќи ги жителите, работниците, патниците, училиштата и рекреативните центри на отворено;
- размерот и просторниот обем на проблемот поради сообраќајниот метеж (застој во сообраќајот);
- локална демографија и сопственост на возилата;
- јавни приоритети околу загадувањето на воздухот и емисиите.
- јасни и препознатливи урбани граници, како обиколница (**ring road**).

За да има поголемо влијание, LEZ треба да ги таргетира областите со **голема активност**, **големо загадување** и/или со **голема густина на населението,** каде изложеноста е најсериозна. Зоната може да биде една голема

област, или повеќе помали области. Честопати, тоа значи градски центри, густи станбени области и трговски области.

Градовите треба да спроведат истражување и анализа на политиките за да ги соберат овие информации и да ги разберат придобивките и недостатоците на политичките опции за низа засегнати страни. Препорачливо е да се формира **независно тело** кое ќе дава препораки за политиките врз основа на анализи.

2. Чист воздух, ниски емисии и зони со намален застој (метеж)

Чистиот воздух, ниските (или нулта) емисии и зоните со намален застој имаат заеднички пристап: имплементирање на одредена зона со строги политики (правила). Сепак, тие може да се разликуваат по целите и политиките донесени во зоната. Градовите треба да ја дефинираат зоната и нејзините политики во согласност со локалните грижи и целите на градот.

Зоните со ниски емисии обично ги нагласуваат и **здравствените придобивки од подобриот квалитет на воздухот** и **грижата за животната средина**. **Амбициозните LEZ** понекогаш се нарекуваат „**зони со ултра ниски емисии**“ („ultra-low emissions zones“) или „**зони со нулта емисии**“ („zero emissions zones“). Градовите потписнички на Декларацијата за зелени и здрави улици C40, на пример, ветија дека ќе обезбедат голема површина од градот да нема емисија на штетни гасови до 2030 година.

Зоните на чист воздух (Clean air zones) честопати ги таргетираат истите извори на емисии како **зоната со ниски емисии** (low emissions zone) - особено емисиите од сообраќајот. Меѓутоа, при комуникација со јавноста тие стават поголем акцент на здравствените придобивки од подобрениот квалитет на воздухот. Тие, исто така, би можеле да се справат со изворите на загадување на воздухот кои не се стаклени гасови. Овие големи зони за чист воздух се разликуваат од многу други помали, насочени зони (targeted zones), што ги користат некои градови за управување со жариштата на загаден воздух.

Намален метеж (Reduced congestion). Фокусирањето на метежот и намалувањето на бројот на автомобили на патиштата може да биде корисен пристап каде сообраќајот е примарна грижа на јавноста. Градовите кои се фокусираат на метежот, исто така, мора да внимаваат да ги намалат вкупните емисии од возилата, со тоа што ќе се осигураат дека обезбедените алтернативни


начини на транспорт се со ниски емисии. Ако дополнителниот капацитет на јавен превоз е силно загадувачки (како што се дизел автобуси), може да го неутрализира секое намалување на загадувањето со намалено користење на приватни возила.

Да се следат амбициозните политички опции и постепено да се зголемува зоната.

Бидејќи повеќето LEZ се насочени кон загадување од сообраќајот (особено NO_2), испробаните и проверени LEZ политики се однесуваат на дефинирање на видовите возила што влегуваат во зоната и движење кон немоторизиран начин на патување. Пристапот што еден град може да го преземе ќе зависи од опсегот на моќта со која располага. Пристапот на одреден град може да вклучи еден или комбинација од следните:

- **Да се затвори зоната, или некои патишта во зоната, за сите возила** (вклучувајќи електрични возила), освен пешачки, велосипедски и јавен превоз. Копенхаген, Брисел, Минхен, Милано и други градови веќе имаат области без автомобили. Воведувањето неделен, месечен или годишен ден без автомобили може да им помогне на градовите да ја поддржат забраната со тоа што ќе демонстрираат каков би бил градот со помалку автомобили. Денови без автомобили се спроведуваат во повеќе градови низ светот, вклучувајќи ги Адис Абеба, Џакарта, Рејкјавик, Минеаполис, Сан Антонио (Тексас), Париз и Богота.
- **Да се забрани влез во зоната за возила кои се најголеми загадувачи или за сите возила со мотори со внатрешно согорување (ICE-internal combustion engine)**. Ова бара градовите **да постават стандарди за емисии на возила** за да дефинираат кои возила се дозволени во зоната. Стандардите и ограничувањата треба редовно да се ревидираат и ажурираат со зголемена строгост. Во 2018 година, Мадридскиот LEZ ги забрани најстарите и најзагадувачките возила од центарот на градот, пред планираната целосна забрана за приватни возила (освен жителите) до 2025 година. Забраната на возилата **ICE**, но дозволувањето на електрични возила, може да помогне повеќе да се користат EV (електрични возила).

- **Воведување на цени на патиштата (улици) за сите возила или за возила со големо загадување**. Ова е корисна политика за премостување на патот до целосна забрана за возила во иднина и помага да се отстранат возилата кои се најголеми загадувачи. Наплатата создава **дестимулација врз основа на патување за користење возила**, **влијае на идните одлуки за купување возила** и **ги подготвува граѓаните за идно заострување на ограничувањата**. Потребно е поставување на стандарди за емисии за да се дефинира **кои возила загадуваат** и **колку**. Лондонските ULEZ стандарди се меѓу најстрогите за LEZ, базирани на цени на патиштата. Во однос на забрана за возила, цените на патиштата имаат предност во **создавањето приход** што може да ги покрие трошоците на зоната и, кога има вишок средства, да се реинвестира во транспортната мрежа на градот за да им се обезбедат на жителите подобри алтернативи за транспорт - што е од витално значење за успех на целиот проект.
- **Забрана или значително намалување на паркирања во зоната**. Да се прераспредели (редистрибуира) просторот на патиштата (улиците) на велосипедската инфраструктура, пешаци и „парклети“ („parklets“). Кога планот на Осло за зона во центарот на градот без автомобили наиде на реакции од локалните бизниси, градот наместо тоа, го забрани паркирањето на улиците и воведе мерки за промовирање на пешачење, возење велосипед и јавен превоз. Повеќето приватни автомобили се очекува да бидат елиминирани до 2030 година. Во Њујорк, градот **го отстрани паркирањето** со создавање привремени улични инсталации кои демонстрираа алтернативни намени за просторот, правејќи креативен начин за прераспределба (релокација) на улици.
- **Казни за оставање на моторот на возилото да работи додека е паркиран (во лер-idling)**. Во локалните самоуправи (општини), возачите се соочуваат со парична казна од (на пример, 50 евра) доколку бидат фатени со мотори во празен од во моментот кога се привремено паркирани. Ова е поради фактот што во ваква состојба, возилата најмногу го загадуваат воздухот.



Слика 1: Дали би го оставиле вклучен моторот во мирување знаејќи дека може да ги оштети младите бели дробови?

- Градовите кои немаат потребни овластувања да ги спроведат горенаведените акции (а многу немаат), **треба да соработуваат со релевантните органи за да ги развијат овие политики**.

Прикажаната анализа на политики, спомената претходно, ќе треба да процени кои опции се политички изводливи, со цел највисоко можно намалување на емисиите. Исто така, ќе треба да одговори на клучните прашања за **дизајнот** и **имплементацијата**:

- кои патишта да се вклучат во зоната;
- која технологија за следење возила (vehicle monitoring technology) да се користи;
- да се одреди какви давачки за патишта (патарини) ќе се воведат;
- како да се користат приходите од патарините, и
- како да се обезбеди правичност и пристапност.



Слика 2: Содржина: Астма, белодробни и срцеви заболувања

Искуствата од градовите покажуваат дека политиките на LEZ треба **постепено да се воведуваат** и **постепено да се применуваат построги правила**, наместо да се презема ненадеен пристап на „**голема експлозија**“. Ова обично води до полесно прифаќање од страна на јавноста и локалните бизниси. Исто така, обично е подостапно за градот. Со текот на времето, може да се зголеми површината што ја покрива зоната, стандардите на возилата, нивоата на загадување и областите во кои возилата што загадуваат (или сите возила) се забранети. Во Оксфорд, Велика Британија, зоната со нулта емисија започна со најзагадените улици во 2020 година, пред да се прошири за да го опфати целиот центар на градот до 2035 година.



Слика 3: Дали би го оставиле вклучен моторот во мирување знаејќи дека може да предизвика белодробни заболувања?

3. Да се обезбедат вистински алтернативи со инвестирање во пешачење, возење велосипед и јавен превоз

LEZ треба да биде централен дел од стратегијата на градот за промовирање на пристап и користење на јавен превоз, пешачење и возење велосипед. LEZ не треба да функционира изолирано - жителите и бизнисите мора да имаат пристап до достапни и практични алтернативи. Треба да се воведат потребните алтернативи истовремено со политиките на LEZ.

Слично на тоа, алтернативните опции треба да бидат достапни за локалните бизниси кои имаат потреба од пристап на возила за испораки, како што се: шеми за поддршка на **премин кон почисти возила** кои ги исполнуваат стандардите за емисии за влез во LEZ, или поддршка за „**последен километар**“ (‘last mile’) испораки.

Политиките за поддршка на алтернативите треба добро да се публикуваат и да се финансираат. Ако се користи наплата на патиштата, градовите треба да размислат да ги ограничат приходите, за да платат за оваа инвестиција. London Con-gestion Charge генерира околу 150 милиони фунти годишно – од кои сите се реинвестираат во транспортниот систем на Лондон.

4. Консултирање и соработка за да се изгради коалиција на моќни поддржувачи

На градовите ќе им бидат потребни гласни и моќни поддржувачи за да го надминат противењето и да ги спроведат политиките на LEZ. Градовите во дизајнот на LEZ треба да **формираат тело за олеснување на соработката** со деловните групи, со повеќе локални власти (каде што LEZ ги преминува границите на локалната самоуправа) и со претставници на групи од јавен интерес.

Деловните приговори обично се однесуваат на:

- Полесен пристап до испорака;
- Трошоците за надградба на возниот парк до почисти возила;
- Загриженост за намален број на клиенти.

Затоа, обезбедувањето на нивна поддршка е од витално значење. Треба да се работи со големи деловни групи за да се креира решение врз основа на докази за веројатните придобивки за бизнисите, како што е:

- Намалено изгубено време поради метеж, и
- Зголемен процент за купувачи кои не се возат со автомобили.

Треба да се разберат нивните грижи и да се обезбеди нивна поддршка.

Градовите можеби ќе треба да ги променат плановите за да обезбедат поддршка од бизнисите, на пример, со менување на планираното време кога се применува **наплата на патиштата** (road pricing) или со преземање друг пристап (како во Осло, кој го спроведува пристапот „**најмалку можни возила**“, ‘fewest possible vehicles’, наместо од првично планираната забрана за возила во центарот на градот).

Онаму каде што областа LEZ вклучува земјиште во сопственост или администрирање на различни владини органи и различни нивоа на власт, честопати ќе биде потребна поддршка од сите партии, за практично спроведување на шемата.

Да се комуницира со јавноста и да се осигура дека правичните придобивки се јасни.

Дури и ако има првична јавна поддршка за имплементација на LEZ, ова може брзо да се изгуби ако предложената шема се смета за неостварлива или не е добро разбрана. Градовите треба да спроведуваат јавни консултации и добро информирани кампањи за подигање на јавната свест за да промовираат разбирање за тоа како ќе функционира зоната и какви придобивки ќе обезбеди, за да се разберат и се решат грижите на јавноста. Исто така, важно е граѓаните да се информираат за времето на претстојните ограничувања или давачки, кога тие ќе бидат засегнати, за да можат да се подготват.

Анализата на политиките мора да ја вклучи распределбата на придобивките од LEZ и пристапите за нудење транспортни алтернативи. Мора да се воведат мерки за поддршка за да се осигура дека придобивките се еднакви. Ова може да вклучи:

- Финансиска поддршка за граѓаните и малите бизниси кои ќе се префрлаат на почисти возила (шеми за отфрлање).
- Да се овозможи автобуски линии и велосипедски патеки да има и во области со пониски приходи, на пример.

5. Како 40 градови во светот имплементираат области (зони) со нула емисија – зелени и здрави улици

C40 Cities поврзува 96 од најголемите и највлијателните градови во светот, посветени на преземање храбри климатски активности за да се создаде поздрава и поодржлива иднина за сите. Претставувајќи 700+ милиони граѓани и една четвртина од глобалната економија, градоначалниците на **C40 Cities** се посветени на исполнување на најамбициозните цели од **Парискиот договор** (the Paris Agreement) на локално ниво.

Овој проект започна со поддршка на **TUMI** (Transformative Urban Mobility Initiative). TUMI е водечка **глобална иницијатива** за имплементација на одржлива мобилност која е формирана преку сојуз на 11 престижни партнери. TUMI **поддржува проекти за мобилност** на глобално ниво и ги поддржува креаторите на политики на ниво на град со алатки кои ќе им овозможат да донесуваат одлуки

кои позитивно ја трансформираат мобилноста во нивните градови. Нивната цел е создавање на иднина која ќе им овозможи на сите граѓани пристап до **одржлива урбана мобилност** (Sustainable Urban Mobility).

Извршно резиме

Од пролетта 2020 година, **35** глобални градови започнаа да обезбедуваат значајна површина од нивните градови како **нулта емисија** до 2030 година, како дел од нивната посветеност на **C40 Декларација за зелени и здрави улици** (**C40** Green and Healthy Streets Declaration). Овој документ ги анализира пристапите што ги преземаат некои водечки градови за спроведување на **област со нула емисија** (ZEA - zero emission area). Означувањето на значајна област од градот како „**нула емисија**“ („zero emission“) до 2030 година ќе бара холистичко и повеќеслојно размислување и распоред на стратешки активности дизајнирани да го префрлат целиот урбан систем на траекторија на нула емисија.

За да се постигне ZEA до 2030 година, градовите веќе работат на интервенции од 2020 година. Се појавуваат четири различни прогресии за спроведување:

Пилот-проект базиран на улица (Street based pilots): Хиперлокална иницијатива во која се воведуваат многу строги ограничувања за пристап на неколку улици од 2020 година наваму, со **програма за проширување** до 2030 година. **На пример**: Oxford.

Дизајн на ниво на округ (District-scale design): План за **трансформирање на цела област**, почнувајќи од 2020 година. Распоред на значајни интервенции за поддршка на промени кон **јавниот превоз**, **пешачење** и **возење велосипед,** што на крајот ќе доведе до помалку возила во областа до 2030 година. **Примери**: Oslo и Auckland.

Кордони за регулирање на возила (Vehicle regulation cordons): Се воведуваат концентрични кордони со **ограничувања за пристап на урбани возила** (UVAR - urban vehicle access restrictions), со најстроги прописи во центарот. Најзагадувачките возила постепено се отстрануваат, а почисти возила постепено се стават во употреба. До 2030 година, јасно опкружената област на градот ќе дозволи само **возила со нула емисии** (zero emissions vehicles). **Примери**: Лондон, Милано, Сеул и Барселона.

Распоред на ZEA во 2030 година (Timetable to a ZEA in 2030): објавена патека и временска рамка на интервенции за областа до 2030 година. **Пример**: Амстердам.

Mark Watts, Executive Director C40 Cities: Урбанистичкото планирање кое им дава приоритет на приватните автомобили, пред сè, создава загадени градови во кои возилата **ги трујат белите дробови на луѓето** кои се принудени да ги делат улиците со нив. Тоа, исто така, е систем кој ги продолжува нееднаквостите со исклучување на секој кој не може да си дозволи да управува со моторно возило.

Една четвртина од глобалните предвремени смртни случаи се предизвикани од некоја форма на загадување предизвикано од човекот. Истите тие емисии се главен придонесувач за климатскиот дефект што претставува уште поголем ризик за здравјето и благосостојбата на луѓето.

Но, наместо да го задушиме урбаниот живот со загаден воздух, можеме да ги трансформираме улиците, создавајќи улици погодни за живеење, каде граѓаните ќе можат да уживаат во **чист воздух** и **тивки патишта** (улици). Досега, 35 градоначалници ја потпишаа C40 Декларацијата за зелени и здрави улици, обврзувајќи се на политики за планирање кои се погодни за луѓето, забрзувајќи ја промената кон **возилата со нула емисија на штетни гасови**.

Она што е толку значајно за оваа декларација е различноста на градовите што ја потпишаа. Ако Барселона, Сеул, Сиетл и Мексико Сити можат да воспостават област со нула емисија до 2030 година - градови со многу различна големина, локација и историја - нема причина ниту еден град да се воздржува од усвојување политики насочени кон здравјето на луѓето. Во исто време, амбицијата за област со нула емисија до 2030 година **испраќа сигнал до сите производители на возила** дека градовите бараат производи и услуги **без емисија на штетни гасови**.

Иднината на нашите градови не е онаа во која жителите се напојуваат со фосилни горива. Секој бизнис кој ја игнорира таа реалност, нема да биде успешен.

Низ целиот свет, градоначалниците на градовите **преземаат храбри активности за да ја трансформираат урбаната мобилност,** за да обезбедат подобра иднина за човештвото преку силна и чиста мобилност. C40 Декларацијата за зелени и здрави улици планира да се воспостави голема област со **нула емисија** во градовите до 2030 година.

Ако градот успее да го подобри квалитетот на своите улици со нивно претворање во инклузивни, здрави и атрактивни простори, дополнителните придобивки што произлегуваат од таквата промена се извонредни:

- Секоја година се избегнуваат милиони предвремени смртни случаи поврзани со загадувањето;
- Економски раст од просперитетни заедници;
- Пари заштедени од здравствените буџети, со што се подобрува јавното здравје благодарение на поактивниот начин на живот;
- Помала нееднаквост меѓу богатите и сиромашните населби;
- Намалени емисии на стаклени гасови.

Ова е **заедничка визија** за просперитетни градови со подобрени економски, социјални и еколошки перформанси во согласност со **Новата урбана агенда** (New Urban Agenda), **Агендата 2030** (Agenda 2030) и Парискиот договор (Paris Agreement).

Во партнерство со TUMI, градовите се обединети во една цел: менување на мобилноста во корист на луѓето и животната средина преку овозможување на креаторите на политики **да ја трансформираат урбаната мобилност**. Тие веруваат во одржлива мобилност за подобра иднина.

ZEA - ВИЗИЈА

Декларација за зелени и здрави улици

Во 2017 година, C40 Cities ја лансира **Декларацијата за зелени и здрави улици** (GHS - Green and Healthy Streets). Од септември 2020 година, Декларацијата е потпишана од 35 светски градови.

Градовите се обврзуваат на две трансформативни акции кои можат да ги променат градовите кон вистинска траекторија и да ги намалат емисиите од урбаната мобилност во обемот потребен за исполнување на амбициите од Парискиот договор:

1. Набавка само на **автобуси со нула емисија**, почнувајќи од 2025 година.

2. Имплементирање (основање) голема **област во градовите со нула емисии** до 2030 година.

Обврска за формирање област со нула емисии

За да се добие област со нула емисии, потребно е спроведување на пакет-мерки за мобилност **испорачани на координиран и амбициозен начин** до 2030 година. Сите градови спроведуваат политики и стимулации кои ги промовираат следните резултати:

- Значително повеќе патувања со **пешачење** и **возење велосипед**;
- Приоритет и поврзување на **јавниот транспорт**;
- Севкупно **помалку возила** во областа;
- Зголемување на користење на возила со нула емисија и постепено **укинување на возилата со фосилни горива**.

Преминот кон мобилност со нула емисија не само што **ќе ги намали емисиите на стаклени̇чки гасови**, туку ќе резултира со **помал метеж**, **потивки градови**, **почист воздух**, **поздрави простори** и **побезбедни патишта**.


Заложбата на **ZEA** е трансформативна: катализирање на потенцијалот за промени во мобилноста што **ќе го подобри квалитетот на животот** за сите граѓани, ќе донесе **локални економски придобивки** и ќе помогне во **справувањето со глобалната климатска криза**.

Зошто градоначалниците водат кампања за области со нула емисии.

Областите со нула емисија донесуваат **здравје**, **правичност**, **локална економија**, **безбедност и сигурност**, како и **придобивки за животната средина**.

Имплементирање зелени и здрави улици

Следниот блок-дијаграм прикажува **причинско-последичен синџир** помеѓу **акцијата** (**зелени и здрави улици**) и нејзините **излези** (исходи), **резултати**, **финално влијание врз животната средина**, **здравствени и економски системи** и **студии на случај**.


Action
Имплементирање на зелени и здрави улици
Outputs
Outcomes
Impact
Зголемена инфраструктура за пешачки и велосипедски патеки
Подобрен јавен превоз
Намален број на возила со фосилни горива
Зголемен број на возила со нула емисија
Зголемен број на зелени површини и покриеност
Повеќе пешаци и велосипедисти
Зголемено учество на јавниот превоз
Севкупно помалку автомобили
Зголемено задржување вода и топлина
Зголемена активна подвижност
Зголемена атрактивност во соседството
Зголемена покална потрошувачка на мало
Намалени емисии на стаклени-чки гасови
Помалку бука
Подобар квалитет на воздухот
Повеќе зелени работни места
Помалку смртни случаи и болести
Помали трошоц и за здр. заштита
Подобра отпорност од поплави
Намален ефект на урбан топлински остров
Environmental
Health
Economic

Paris: Воспоставувањето област со целосно нулта емисија во рамките на Paris Ring Road ќе доведе до избегнување на **385 предвремени смртни случаи** годишно.

Barcelona: Намалувањето на бучавата во Барселона придонесува за превенција од кардиоваскуларни болести.

Lima: Пешачењето во историскиот центар на градот ќе го продолжи животниот век за една година по граѓанин.

Medelin: Со имплементирање **100 % чисти автобуси** до 2030 година, ќе се продолжи животниот век на секој граѓанин за дополнителни 60 дена.

Jakarta: Промената на возниот парк на јавниот превоз со електрични автобуси ќе придонесе за намалување од **100** болнички приеми (хоспитализации) годишно во болниците.

Lima: Пешачењето во историскиот центар на градот Лима (Перу) ќе доведе до **60 %** помалку автомобилски сообраќај и **23 %** повеќе пешаци.

Medelin: Зелените коридори на Меделин помагаат да се намалат просечните температури во градот за **2 °C** и да се **подобри квалитетот на воздухот**.

Quito: Промената на 1.200 стари автобуси со електрични во Кито (Еквадор), ќе значи избегнување на **100.000** тони **CO_2** годишно.

Mexico city: Годишно беа избегнати 189.600 патувања со автомобил и 360 тони емисии на **CO_2** со инвестиција на Мексико Сити во објекти за паркирање велосипеди.

Los Angeles: Зголемувањето на јавно достапната инфраструктура за полнење на електрични возила во Лос Ангелес до 2025 година, ќе се добијат 1500 нови работни места.

London: Инвестициите во пешачење и велосипедизам ги зголемија трошоците за 30 %. Велосипедското паркирање ја зголеми малопродажбата за 5 пати повеќе по квадратен километар, отколку истата површина за паркирање автомобили.

Los Angeles: Инвестиции во јавниот превоз ќе го намалат времето поминато во сообраќајот за **15 % дневно**, со намалување од **5 милиони милји дневно** со возила (што инаку се поминуваат).

Mexico city: Потенцијалната нето-добивка од велосипедски патеки во Мексико Сити изнесуваат повеќе од **65 милиони** американски долари. Ова е 6 пати повеќе од вложените средства за изградба на велосипедската инфраструктура.

London: Со поттикнувањето на жителите на Лондон **да пешачат** и **да возат велосипед** по **20 минути** секој ден, би се заштедиле потенцијални **1,7 милијарди** фунти за здравствени трошоци во текот на **25** години.

Концепт ZEA (zero emission areas)

ZEA е повеќеслојна интервенција која се стреми да создаде простор каде:

- Севкупно ќе има помалку возила.
- Сите патувања ќе бидат со нула емисија.

Во сите градови, **областа со нула емисија** се испорачува како пакет-мерки за мобилност, често со поврзување на неколку постоечки проекти за мобилност со координиран и амбициозен пристап за период до 2030 година. Со тоа, градовите можат **да ги намалат своите емисии на стаклени гасови** (GHG), во согласност со целите на **Парискиот договор** (Paris Agreement).

Кои видови на патувања се дефинирани како „нула емисија“?

За целите на **ZEA**, „**нула емисии**“ („zero emissions“) значи: „**нула емисии на стаклени гасови на издувните цевки од автобусите, камионите и автомобилите**“. Оваа рамка беше креирана и одобрена од водечките градови потписнички на **Декларацијата за зелени и здрави улици** (the Green and Healthy Streets Dec-laration) за да се осигура дека **ќе поттикне** најзначајни подобрувања и **во квалитетот на воздухот** и **во намалувањето на јаглерод диоксид**.

Иако дефиницијата е намерно технолошки неутрална, единствените технолошки возила кои моментално се на пазарот и кои имаат нула емисија на

гасови, се **водородните горивни ќелии** (HFC - hydrogen fuel cell) или **електричните возила на батерии** (BEVs- batteryelectric vehicles).

Иако емисиите на животниот циклус и од HFC и од BEV зависат од тоа како се генерираат водородот и електричната енергија, тие нудат потенцијал за драматично намалување на емисиите на животниот циклус, бидејќи производството на електрична енергија е декарбонизирано.

Значајно, во оваа дефиниција се вклучени и други одржливи начини на патување кои не создаваат емисии на стаклени гасови од издувните цевки, како што се: пешачење, возење велосипеди, електрични карго велосипеди и слично. Дополнителни информации за тоа како потписниците на GHS ги дефинираат „нула емисиите“ може да се најдат во техничката белешка во Додаток А.

Основање на ZEA – пилот-проект за иднина која ја посакуваме

Градоначалниците на C40 обезбедуваат климатска безбедна иднина. Ова бара значителни промени во урбаната мобилност за да се создаде систем на нула емисии, позелени улици, здрав воздух, потивки патишта и почист градски сообраќај. Процесот на основање **ZEA** создава пилот или полигон за тестирање за привремени интервенции: простор за истражување на влијание на интервенции, искуство и мерење на придобивки од промени и фокусна точка за соработка со граѓани, бизниси и други партнери. **ZEA** е простор каде што градот демонстрира повеќеслојна трансформација на урбана мобилност во една, добро дефинирана област и како оваа трансформација би можела да го подобри јавното здравје, благосостојба и еднаквост. Намерата е успешните интервенции потоа да се прошират и да се реплицираат низ градот.

ZEA ќе има ефект на мрежа за цел град

ZEA е „трансформациски џеб“ („transformation pocket“) кој сè повеќе ќе влијае на промена на мобилноста и намалување на сообраќајот и ќе поттикнува повеќе избори за мобилност со нула емисии низ целиот град додека се воспоставува, реплицира или проширува. На пример, **ZEA** може да влијае на тоа како луѓето одлучуваат да стигнат до и од одредена област и да влијае на тоа какви видови

возила влегуваат или поминуваат низ неа. Преку овие механизми, **ZEA** има потенцијал да создаде директни и индиректни мрежни ефекти врз одлуките за мобилност во целиот град.

ZEA е можност да го приоритизира и зголеми пешачењето и возењето велосипед

Создавањето систем за мобилност со нула емисии бара значително зголемување на процентот на патувања со пешачење и возење велосипед и прераспределба на просторот на патот кон овие видови на сообраќај. Со **ребалансирање** на урбаното подрачје, **ZEA** овозможуваат пробни решенија за пешачење и возење велосипед и подобрени врски со масовниот превоз, како замена за сообраќајот со возила. Треба да се истакнат и објаснат повеќекратните придобивки од овие интервенции, без разлика дали се однесуваат на јавното здравје, подобрување на квалитетот на воздухот, подобрување на јавниот простор, поголема еднаквост и социо-економски просперитет.

ZEA е можност за давање приоритет на јавниот транспорт и развој ориентиран на транзитниот сообраќај

Воспоставувањето на **ZEA** бара приоритетни решенија за масовниот транзит. **ZEA** нудат можност да се пренасочи рамнотежата на урбаниот простор кон развој ориентиран кон транзит - вклучително и поврзување со јавниот превоз, користејќи пешачење и возење велосипед - и да се намали зависноста од приватни возила. Треба да се истакнат придобивките од транзитно ориентираните интервенции за создавање простор (placemaking), вклучувајќи ги врските помеѓу обновениот јавен простор и економскиот просперитет, како и подобрувања во јавното здравје и квалитетот на воздухот.

ZEA е можност за зголемување на користење на возила со нула емисии

Како дел од дизајнирањето и спроведувањето на **ZEA**, градовите можат да учат од локалните засегнати страни за побарувачката и понудата на возила со нула емисија на штетни гасови во пилот-зоната. Со ова разбирање, носителите на одлуки можат да развијат стратегии и политики кои ја забрзуваат употребата на

возила со нула емисија во градот, особено во јавниот транспорт, товарните и такси-флотите. **ZEA** е, исто така, можност да се демонстрира алтернативна визија за град во кој има само возила со нула емисија на штетни гасови, кој е потивок, а воздухот е почист.

ZEA е можност за унапредување на товарните возила со нула емисии

Одржливата иднина за урбаниот товарен сообраќај мора да разгледува од две страни: **повеќе возила со нула емисија** и **помалку непотребни километри со возила**. **ZEA** обезбедува можност да се вклучат товарните и сервисните индустрии околу демонстративните пилоти и можни предизвици и решенија (на пр., достапност на EV-модел, инфраструктура за полнење EV, модели за испорака до последен километар, утовар/истовар). Градовите и операторите можат да го фокусираат вниманието на предложениот дизајн и регулатива за областа и заедно да експериментираат на изнаоѓање решенија кои придонесуваат за целите на **ZEA**. Во соработката со **ZEA**, се создава контекст за поширока дискусија за патиштата и пречките за остварување на товарен сообраќај со нула емисии во иднина, во градот.

ZEA се алатки за ангажирање на заедницата

Ангажирањето на јавноста и засегнатите страни ќе биде од клучно значење за амбицијата за постигнување област со целосно нула емисии до 2030 година. За да се вклучи заедницата и да се заложи за **ZEA**, ќе биде важно да се артикулираат очекуваните придобивки од системската промена кон позелени, поздрави попросперитетни градови. Придвижувањето кон **ZEA** до 2030 година им дава можност на градовите да предвидат, измерат, проценат и на крајот да обезбедат докази за придобивките од интервенциите на **ZEA**. Процесот ќе ги претстави можностите за **тактички урбанизам**, а проектите што ќе ги покажат придобивките од **ZEA** ќе помогнат да се придобие од засегнатите страни. Ова за возврат ќе поддржи репликација и проширување во иднина.

Испорака од градоначалникот

Градоначалничките овластувања, мандати и функции варираат во голема мерка помеѓу градовите C40, а обврските од Декларацијата за зелени и здрави улици ќе се испорачаат преку различни стратегии во различни градови.

Многу градоначалници имаат одредени овластувања за градските патишта и автобуските средства, а некои имаат регулаторна моќ за одредени превозни средства, како што се такси возилата. Сепак, за другите средства за мобилност - како приватни возила или велосипеди - овластувањата на градовите обично се поограничени. На пример, тие може да можат само да го регулираат паркирањето или да назначат количество на простор на патот што е на располагање.

За да дадеме чувство за опсегот на градоначалнички овластувања, во табелата подолу се наведени шест различни типови на влијание на градоначалникот. Повеќето градоначалници се способни да вложат некои или сите овие видови овласувања, до одреден степен, за да го изградат капацитетот на градот за климатска акција - на пример, преку создавање на **ZEA**.

Истражувањето C40 покажува дека посилните градоначалнички овластувања не мора нужно да водат кон поголема климатска акција или акција за квалитетот на воздухот во градот. Градовите со поограничена градоначалничка моќ, или овластувања кои би можеле да се сметаат за „**послаби**“, како што е поставувањето на визија, покажаа дека можат да доведат до позитивни промени низ градот, вклучително и **ZEA**. Овие градови работат во обем, користејќи иновативни пристапи за да ги охрабрат другите актери да им се придружат во климатските активности, каде што тие не мора да преземат директна акција самите.

Всушност, повеќето градови соработуваат со низа партнери за да го зголемат нивното влијание. Тие може да ги вклучуваат националните и државните влади, граѓанското општество, меѓувладините институции, приватниот сектор и академската заедница. На пример, еден град може да соработува со националната влада за спроведување на шема за регулирање на емисиите на возила или да работи со товарната индустрија на пилот-шема на возила со нула емисија. Со наоѓање и работа кон заеднички цели, градоначалниците и партнерските организации се способни да постигнат повеќе отколку кој било сам.

Вид на моќност	Објаснување	Примери
Командна моќ	Градоначалникот користи регулатива и ги спроведува за да создаде промени и да донесе политика.	Ги менува такси возилата кон возила со нула емисија на штетни гасови со користење на регулатива за лиценца, давање приоритет на пристап до тротоар, или посебна област за возила со нула емисија за време на шпицови.
Моќ за имплементација	Градоначалникот дејствува преку реализација на проект или програма.	Да се направат значајни интервенции во урбаното подрачје за да им се даде приоритет на пешаците, велосипедистите и пристап до транзит или воспоставување центар за брзо полнење на електрични возила (EV) за такси, за да се забрза користење на EV.
Моќ за обезбедување (Providing power)	Влијанието на градоначалникот се карактеризира со високо ниво на контрола врз испорака на услуги.	Обврска за електрифицирање на општинскиот возен парк до одреден датум или спроведување на повластени прописи за набавки кои ги фаворизираат давателите на услуги со понуди со нула емисија.
Законодавна моќ	Градоначалникот постигнува напредок со поставување политика и законодавство што бара од другите да дејствуваат	Поставување градежни регулативи за нови случувања што ќе ја поддржат ZEA, како што е поставување на максимален број паркинг места или барање на станбени простори за полнење EV.
Моќ за соработка	Градоначалникот вообичаено дејствува во партнерство со други актери за да ги искористи нивните соодветни овластувања.	Работа со локалната транзитна управа за поставување цели и рушење на бариери за набавка на електрични автобуси за градскиот возен парк или работа со локални инкубатори за иновации за подобро разбирање на бариерите за транзиција во приватниот сектор.
Моќ за поставување визија	Градоначалникот може да има ограничена моќ да преземе директна акција, но сепак иницира промени со поставување на визија и правење политички случај за промена. Тој може да создаде атрактивна средина во која другите можат да дејствуваат.	Користење на профилот на Градоначалник за да се привлече внимание од медиумите кон системот за мобилност и да се извлечат јасни врски со лоши влијанија на квалитетот на воздухот или да се свика заедничка иницијатива за изнаоѓање решенија помеѓу бизнисите и академската заедница околу визијата за ZEA.

Патишта за имплементација на ZEA

Од пролетта 2020 година, Декларацијата за зелени и здрави улици ја потпишаа 35 светски градови. Сите градови спроведуваат политики и стимулации кои ќе ги промовираат следните резултати:

- Значително повеќе патувања со пешачење и возење велосипед;
- Приоритет и поврзување со јавниот превоз;
- Севкупно помалку возила во ZEA;
- Зголемување на користењето на возила со нула емисија и постепено укинување на возилата со фосилни горива.

Меѓу градовите се појавуваат четири различни пристапи за имплементација. Некои градови комбинираат различни пристапи во севкупната стратегија. Други ги користат овие пристапи како патека сама по себе, напредувајќи од една во друга фаза додека ZEA созрева.

Во патеката за имплементација на ZEA, постои постојан ангажман со заедниците, комуникација и обезбедување докази за придобивките што ќе ги има областа со нулта емисија за урбаната средина, за здравјето и за економијата.

Градовите, исто така, инвестираат во поддршка за забрзаното прифаќање на алтернативи за нула емисија за да им помогнат на граѓаните, бизнисите и засегнатите страни да ги избегуваат возилата со фосилни горива.

Пилот-проект базиран на улица

- Ја подобрува инфраструктурата за пешачење и велосипедизам;
- Експерименти со товарниот сообраќај;
- Ангажирање со засегнатите страни, бизнисот и граѓаните.

Воспоставување коридор (и) за регулирање на возилата

- Го намалува вкупниот број на возила во областа (ZEA);
- Ги дестимулира возилата кои загадуваат и возилата со фосилни горива;
- Го поттикнува користењето возила со нулта емисија.

ZEA се дизајнира во district scale

- Се поставува на scale на ZEA;
- Значајно ја подобрува инфраструктурата за пешачење и велосипедизам;
- Го зголемува приоритетот и поврзаноста на јавниот транспорт;
- Го намалува вкупниот број на возила во областа;
- Ангажирање со засегнати страни, бизниси и граѓани.

Се објавува јасна временска рамка за степен на реализација (постигнување) до 2030 година

- Ја поставува визијата за ZEA;
- Ја прави патеката јасна за засегнатите страни;
- Го утврдува рокот (Establishes the deadline).

Пример на временска рамка за имплементирање на Област со нула емисија:

- **Establish clean taxis ranks**: Воспоставување чисти такси станици;
- **Roll-out new cycle lanes**: Воведување нови велосипедски ленти;
- **Launch clean bus corridor through ZEA**: Стартува чист автобуски коридор во **ZEA**;
- **Launch ZEA freight pilot**: Стартува пилот-птоект за товарни возила во **ZEA**;
- **Only zero emission taxis in ZEA**: Само такси со нула емисија во **ZEA**;
- **New pedestrian precinct finished**: Финишрана нова пешачка станица;
- **Timed proirity access for ZEAs**: Временски (темпиран) приоритетен пристап за **ZEA.**

Студии на случај во C40 градови

Амстердам

Основање (креирање) област во 2020 година

Амстердам е добро етаблиран како глобален лидер во ставање приоритет на пешачењето и возењето велосипед и патувањата со јавен превоз, така што работи со силна основа во својата амбиција да направи голема област во градот со нула емисија до 2030 година.

Во април 2019 година, Амстердам го објави **Акциониот план за чист воздух** (the Clean Air Action Plan) со цел да се постигне мобилност без емисии до 2030 година (т.е. целиот град Амстердам ќе биде област со нула емисија до 2030 година).

Амстердам моментално има **пет** зони со ниски емисии, каде возилата што предизвикуваат најмногу загадување се забранети. Со текот на времето, овие зони ќе се прошират и ќе се заострат прописите. Сè повеќе тие ќе станат зони со нула емисија, а возилата со **бензин**, **дизел** или **гас** нема да бидат дозволени.

Првата важна пресвртница е од 2020 година, кога **возилата со дизел мотори се исклучени** од центарот на градот.

Помеѓу 2025 и 2030 година, Амстердам постојано ќе ги проширува зоните од центарот на градот, така што целиот моторизиран сообраќај во Амстердам ќе стане без емисија. Овој пристап користи концентрично проширување кое веќе беше успешно за Амстердам со низок сообраќај и за регулирање на обуки. Понатаму, како дополнителна мерка за елиминирање на високите емисии на CO_2, целата електрична енергија и водород потребни за транспорт во Амстердам ќе бидат одржливо генерирани до 2030 година.

План за да се постигне ZEA до 2030 година

Во **Акциониот план за чист воздух** во Амстердам, патот до град со нула емисија е сумиран во две клучни пресвртници:

- **2025 година**: Целиот сообраќај, вклучувајќи такси, патнички возила, пловни објекти и општински фериботи, но со исклучок на приватни автомобили и мотоцикли, мора да биде без емисија во рамките на обиколницата А10.

- **2030 година**: Целиот сообраќај во населената област мора да биде без емисија.

Алтернативи за поддржување нула емисии

Акциониот план за чист воздух на Амстердам ги прикажува следните пристапи за да се постигне амбицијата на политиката за Амстердам без емисии до 2030 година.

Комуникација. Јасно да се објасни важноста на чистиот воздух и да се предложат идеи за лична акција (да им се даде на луѓето чувство на вклученост во можностите), вклучувајќи:

- Кампања за информирање на сите за нивната улога во создавање чист воздух.
- Олеснување на изборот на чиста опција, при што **општината го дава вистинскиот пример**.

Стимулација. Преминот кон чиста алтернатива да биде привлечен (алтернативата е примамлива), вклучувајќи:

- Континуирано користење на различни субвенции за промовирање на достапноста на сообраќај без емисии;
- Користење на привилегии за наградување на првите поддржувачи;
- Специфични мерки за секоја област, за сообраќај без емисии, на голем број многу фреквентни улици каде што квалитетот на воздухот е особено лош.

Олеснување. Да се овозможи транзиција кон чиста можна алтернатива (алтернативата е реална), вклучувајќи:

- Континуиран развој на мрежа за полнење на **EV** (електрични возила) управувана од побарувачката и интензивирање на инсталацијата на локации (места) за полнење во пресрет на побарувачката;
- Да се направи инфраструктурата за полнење попаметна за да се зголеми капацитетот на мрежата за полнење на **EV**;
- Зголемување на полнењето на **EV** на паркинзи за автомобили и на приватни локации.

Регулатива. Да се присили преминот кон чиста алтернатива (со стап и со морков), вклучувајќи:

- Интензивирање и географско проширување на постојните еколошки зони;
- Воведување нова еколошка зона;
- Воведување на зони без емисии.

Клучни пресвртници во Акциониот план за чист воздух во Амстердам

Во 2020 година во СОВИД-19 кризата, заменик градоначалникот задолжен за **квалитет и мобилност на воздухот** (Air Quality and Mobility) го откажа планот со кој се дозволуваат само автобуси со нула емисија во внатрешноста на градот од **2022** година. **Извор**: **Amsterdam Clean Air Action Plan**.

Размислување за нула емисии на товарниот сообраќај

Во 2019 година, во Холандија, **Националниот договор за клима** (National Climate Agreement) дефинира низа мерки што треба да се преземат на национално ниво за да се намалат емисиите на стаклени гасови за најмалку **49** проценти до 2030 година, со нивоа од 1990 година како основна линија. Договорот постави услов 30-40 најголеми градови во Холандија да воведат зони со нула емисија за товарен сообраќај до 2025 година, како една клучна акција за одржлива мобилност и логистика.

Ова барање се заснова на доброволен **зелен договор за градска логистика за нула емисии** (Zero Emission City Logistics Green Deal) од 2014 година, кој беше потпишан од голем број холандски градови, вклучувајќи ги Амстердам, Хаг, Ротердам и Утрехт и повеќе од 50 холандски компании, и кој беше лансиран од националната влада за поттикнување партнерства во поддршка на иста цел.

Истражувачкиот извештај за 2019 година - **Инфраструктура за полнење на електрични возила во градската логистика** (Charging Infrastructure for Electric Ve-hicles in City Logistics) - детално го разгледа видот на инфраструктура за полнење што ќе биде потребна во град како што е Амстердам доколку се користат EV за да се направат зони со нула емисија, можни за градската логистика.

Истражувањето користело податоци од CBS (Статистика на Холандија) за комбиња и камиони кои влегуваат во зоната со ниска емисија на штетни гасови во Амстердам, а авторите пресметале каде побарувачката за локации за полнење на EV веројатно ќе биде најголема. Биле направени и проценки за проектирано влијание врз електричната мрежа и потребен број на точки за полнење. Врз основа на овие резултати и направените избори, се појави визија за тоа каде, кога и колку брзо полнењето на возилата би можело да се случи, дозволувајќи им на операторите на мрежата и на општинските власти да развијат планови во однос на инфраструктурата за полнење и просторното планирање.

Поставување долгорочна цел. **Сите возила во градот без емисија на штетни гасови во 2030 година.**

Амстердам е веќе профилиран велосипедски град и фаворит во областа на електрични возила, а во наредните години напорите за промовирање на овие режими дополнително ќе се интензивираат.

Амстердам има висок сооднос на инфраструктура за полнење на EV по глава на жител. Жителите кои купуваат електричен автомобил можат да аплицираат за станица за полнење во нивното соседство, а општината може да обезбеди дополнителни станици за полнење. Во моментов, поголемиот дел од инфраструктурата за полнење EV е на улица и возачите на EV имаат приоритет за паркирање и места за полнење. За жителите и компаниите кои се префрлаат на EV, постои поддршка во форма на совети и/или **субвенции**.

„**Загадувачките материи во воздухот скратуваат повеќе од една година од животот на секој жител на Амстердам**“.

Барселона

Воспоставување област во 2020 година

Од 1 јануари 2020 година, Барселона трајно ја воспостави зоната со ниски емисии во областа Ronda de Barcelona (ZBE – Zona de Baixes Emissions, Rondes de Barcelona), на површина од 95 километри квадратни. Оваа зона го регулира влезот на возила кои немаат **еколошка значка** издадена од Dirección General de Tráfico (DGT).

Целта е да се намали загадувањето на животната средина и да се подобри квалитетот на воздухот, а со тоа и јавното здравје. Тоа е дел од поширока стратегија за намалување на загадувачки емисии за **30 %** за 15 години.

Се предвидува LEZ да ги намали емисиите на азотни оксиди (**NOx**) и **PM10** до **31 %** и **39 %**, соодветно.

План за да се постигне ZEA до 2030 година

До 2030 година, Барселона ќе ги зголеми ограничувањата во LEZ за постепено укинување на возилата со фосилни горива.

Алтернативи за поддржување нула емисија

Градот Барселона нуди неколку интервенции за стимулирање на поодржливи избори за мобилност:

- **Социјално прогресивна цена** на билети во јавниот превоз.
- Попусти за паркирање на улица за EV и попусти за користење на станици за полнење. Станиците за полнење може да се лоцираат преку посебна апликација.
- **Стимулации за купување возила со ниска и нула емисија**. Тие опфаќаат професионални возачи (т.е. такси и товарни возила) и приватни корисници.
- Посебни регистрирани такси (на пример) возила за инвалиди, возила со повеќе од девет седишта итн.
- Попусти на трошоците за патарини за автопат, вклучувајќи:
    - **40 %** попуст на возила со голема зафатеност (3+ патници);
    - **75 %** попуст на EV;
    - **30 %** попуст на возила со ниски емисии (на пр. plug-in hybrid).
- Автобуска лента со голема пополнетост за да се поттикне користењето на јавниот превоз и одржливата мобилност, а исто така да се намали метежот на автопатот Valles.
- Тековни подобрувања на јавниот транспорт, проширување на неговата мрежа за велосипедски патеки и пренасочување на возниот парк на општинските возила кон почисти горива.

- Од 2019 година наваму, не се лиценцираат нови дизел такси возила во метрополитенската област Барселона.

Градот Барселона, исто така, е пионер на целосно нов урбан модел заснован на имплементација на **Superblocks** – **пешачки** и **погодни за пешаци** (pedestrian-friendly) **области** низ целата општина.

Откако ќе заврши, програмата **Superblocks** ќе преобрази **70 %** од градските улици во приоритети за пешаци и велосипедисти, што претставува зголемување од **74 хектари** на **750 хектари** прераспределен урбан простор.

Секој **Суперблок** е мрежа од патишта (улици), приближно **400** на **400** метри. Различни карактеристики, во и надвор од нејзината граница, помагаат да се постават темели за воспоставување на **ZEA** во внатрешноста. Улиците во рамките на блокот се затворени за моторни возила и надземно паркирање, а приоритет е и пешачкиот сообраќај. Внатрешните улици можат да се користат од резиденцијален сообраќај, служби, возила за итни случаи и возила за утовар/растовар под посебни околности, но предност имаат пешаците, велосипедистите и јавниот простор.

„**Климатската вонредна состојба е веќе реалност и сите ние мора да се соочиме со неа со храбри и амбициозни предлози кои им даваат приоритет на луѓето и здравјето**“.

Ada Colau, градоначалник на Барселона.

Имаме моќ да го придвижиме светот (In We Have the Power to Move the World): водич за градоначалници за одржлив транспорт.

Модел Superblocks

Зона со ниски емисии на Барселона

Тековен модел: Јавна сообраќајна мрежа, мрежа на приватни возила, патокази за велосипеди (обратна насока), Dum carriers, основна сообраќајна мрежа.

Модел Superblocks: Единечна платформа (приоритет за пешаци), главна мрежа за велосипеди (велосипедска патека), резидентни возила, слободно минување на велосипеди, урбани служби и возила за итни случаи, Dum proximity area, контрола на пристап.

Размислување за придобивки

Т-зелен билет на Барселона (Barcelona's T-green ticket) за отфрлено возило

Градот Барселона откри дека ограничувањето на возилата кои најмногу загадуваат, најмногу влијае на луѓето со повисоки примања, бидејќи тие имаат повеќе возила и повеќе зависат од тие приватни возила.

Анкетата за мобилност во 2016 година покажа дека домаќинствата во населби со пониски приходи имаат помалку автомобили (дури и постари) и користат помалку автомобили и мотоцикли од оние во населбите со повисоки приходи.

Ако некој има високо загадувачко возило – кое не се квалификува за „**зелена ознака**" („green label") од DGT – Градот Барселона нуди **Т-зелен билет** (T-green ticket) во замена за:

(**а**) укинување на тоа возило, и

(**б**) не купување на ново возило за период од три години.

Т-зелениот билет му дава право на сопственикот на бесплатен јавен превоз на сите услуги на банкомат (Autoritat del Transport Metropolità – Метрополитен транспортен орган). Тоа е **бесплатна**, **тригодишна карта за јавен превоз** за целата градска област.

Следниве возила се подобни за отпад:

- Дизел автомобили обично регистрирани пред 2006 година;
- Автомобили на бензин или плин обично регистрирани пред 2000 година;
- Мотоцикли вообичаено регистрирани пред 7 јануари 2004 година;
- Мопеди обично регистрирани пред 17 јуни 2002 година.

LONDON

Воспоставувена област во 2020 година

Лондон моментално има два концентрични кордони кои ги регулираат возилата врз основа на нивните емисии:

- **Внатрешниот кордон** (The inner cordon) е **Зона со ултраниски емисии** (ULEZ - Ultra Low Emission Zone), со површина од **22** квадратни километри во центарот на Лондон. Тоа е истата област во која работи London's Congestion Charge (**наплата за метеж** во Лондон).
- **Надворешниот кордон** (The outer cordon) е **зона со ниски емисии** низ градот (LEZ - Low Emission Zone), која ја покрива целата област на Голем Лондон (Greater London).

Градоначалникот на Лондон, Sadiq Khan, го претстави **ULEZ** во 2019 година. **Дестимулативна наплата** е на сила 24 часа, седум дена во неделата, и само возила што исполнуваат строги стандарди за емисија на штетни гасови се ослободени од надоместок на ULEZ (иако сепак ќе треба да платат **такса за метеж**).

Електричните, водородните и (до 2021 година) plug-in хибридните возила, **се дозволени бесплатно** (под услов хибридните возила да ги исполнуваат стандардите за емисии на нивните бензински мотори) во ULEZ, а исто така важи и **100 %** попуст на **такса за метеж**. Така, возилата со нула емисија се возат бесплатно во оваа област.

Градоначалникот ги објави плановите за **проширување на ULEZ** на поголема површина во 2021 година, што претставува 18-кратно зголемување на големината на внатрешниот кордон за автомобили, комбиња и моторцикли. Плановите за заострување на стандардите за LEZ беа погодени од неодамнешната криза COVID-19 и **TfL** (Transport for London) го одложи спроведувањето на новите стандарди за најмалку шест месеци.

Табела 1: Пример за давачки за возила во центарот на Лондон (од 07 до 19 часот)

Тип на возила	Наплата за метеж (CONGESTION CHARGE)	Наплата за ULEZ (ULEZ CHARGE)	Вкупна дневна наплата (TOTAL DAILY CHARGE)
Возила со ULEZ стандард	11,50 фунти	12,00 фунти	22,00 фунти
Возила со внатрешно согорување кои го исполнуваат или надминуваат ULEZ стандардот	11,50 фунти	Не се наплаќа	11,50 фунти

Електрични, водородни и компатибилни приклучни возила со водород (plug-in hydrogen vehicles)	Попуст од 100%	Не се наплаќа	0 фунти

План за да се постигне ZEA до 2030 година

Стратегијата за животна средина за Лондон на градоначалникот (The Mayor's London Environment Strategy) (2018) и **Стратегијата за сообраќај на градоначалникот** (the Mayor's Transport Strategy) (2018) ја поставија целта на градоначалникот дека до 2050 година Лондон ќе стане „**град со нула јаглерод диоксид**" („zero carbon city") и ќе има најдобар квалитет на воздухот од кој било поголем светски град, надминувајќи ги законските барањата поставени од централната власт за заштита на човековото здравје и минимизирање на нееднаквостите. Бидејќи амбицијата за нула јаглерод на Лондон до 2050 година може да се постигне само ако сите возила имаат нула емисија до тој датум, Сообраќајната (транспортна) стратегија на градоначалникот поставува 29 патокази (roadmap) за постигнување сообраќај со нула емисии и за поттикнување на технологии за прифаќање на ултраниски и нула емисии на штетни гасови. За да се реализира амбицијата за сообраќај со нула емисии, ќе биде потребно зголемување на патувањата со возење велосипед и јавен превоз, како и пешачење, при што сите преостанати патувања со возила се спроведуваат со нула емисии.

Поточно, Стратегијата за транспорт (Transport Strategy) ги поставува следните цели – пресвртници на патиштата до постигнување патен сообраќај со нула емисии до 2050 година:

- **80 %** од сите патувања во Лондон да се спроведуваат со пешачење, со велосипед или со јавен превоз до 2041 година;
- Намалување на целокупното ниво на сообраќај за **10–15 %** до 2041 година;
- Преостанатите возила на патиштата во Лондон ќе бидат со нула емисија до 2050 година, вклучувајќи:
    - Сите лиценцирани такси и приватни возила за изнајмување ќе бидат способни за нула емисија до 2033 година;

- Автобуски возен парк со нула емисија до 2037 година.

Понатаму, Транспортната стратегија на градоначалникот поставува заложба да се воведат зони со нула емисија во Лондон од 2020 година, вклучително и поддршка на општините на градот да испорачуваат локални зони.

Како дел од оваа поддршка, во 2019 година, TfL објави упатство за општините за зони со нула емисија за да им се овозможи да поднесат предлог со конзистентен пристап ширум Лондон. Ова вклучува насоки за различни пристапи за испорака, предложени стандарди и можни исклучоци. Исто така, дава совети околу управување и ангажирање со оператори на товарни возила и бизниси при развивање зона.

Алтернативи за поддржување на нула емисии

Од 2018 година, секое ново такси возило, лиценцирано во Лондон, мора да има можност за нула емисија.

Од март 2020 година, Лондон сега има 73 локации за брзо полнење наменети за такси.

Понатаму, градоначалникот на Лондон формира **Работна група за инфраструктура за полнење на електрични возила** (Electric Vehicle Charging Infrastruc-ture Taskforc), која обединува претставници од бизнисот, енергетика, инфраструктура, влада и лондонски округи за да објават препораки за тоа како, кога и каде да се зголеми инфраструктурата на електрични возила во Лондон до 2025 година.

Клучен резултат од планот за испорака е објавување на **Упатство за инсталирање на локации за полнење на електрични возила** (Electric Vehicle Charge Point Installation Guidance) од TfL. Упатството е наменето за градските планери, инженери и други заинтересирани страни за да помогнат во информирање како најдобро да се имплементира и испорача инфраструктура за полнење на електрични возила низ Лондон.

„**Ова е прашање на социјална правда – при што најсиромашните луѓе честопати ги трпат најголемите влијанија од загадувањето на воздухот, и покрај тоа што возат најмалку автомобили**“.

Sadiq Kha, градоначалник на Лондон: „**Имаме моќ да го придвижиме светот“** (водич за градоначалници за одржлив транспорт).

Резултати од имплементирање на ULEZ во Лондон

Евалуацијата на влијанието на ULEZ од 2019 година, шест месеци по неговото лансирање, покажа дека **13.500 помалку загадувачки автомобили** се возат во центарот на Лондон секој ден и **има значителен пад на штетното загадување на воздухот**.

- Загадувањето на патиштата со **азот диоксид** (**NO_2**) се намали за **36 %** во зоната (мерено од датумот кога градоначалникот јавно ја потврди политиката и луѓето почнаа да се подготвуваат за шемата). Намалувањето на загадувањето со **NO_2**, што единствено му се припишува на **ULEZ** од датумот на неговото започнување, изнесува **29%**.
- Нема зголемување на загадувањето со **NO_2** на граничните патишта на **ULEZ**.
- Големо намалување на бројот на постари, позагадувачки возила, кои не ги исполнуваат условите, откриени во зоната: околу **13.500** помалку во просек на ден, што е намалување за **38 %**.
- **77 %** од возилата во зоната ги исполнуваат стандардите за емисии на ULEZ, наместо да плаќаат надомест.
- Намалување на протокот на сообраќај во центарот на Лондон во мај и септември 2019 година е меѓу **3** и **9 %** во споредба со 2018 година, што укажува на поширок придобивки од ULEZ во охрабрувањето на луѓето да се префрлат на **пешачење**, **возење велосипед** или **користење на јавен превоз**.
- По шест месеци, емисиите на **CO_2** од патничкиот сообраќај во централната зона беа за **4 %** (9.800 тони) пониски отколку ако немаше шема за наплата. Имено, овие намалувања на емисиите на **CO_2** се над и надвор од влијанието на постоечката **шема за цени на застој** (**метеж**) (congestion pricing scheme).

Програмата за квалитет на воздухот на градоначалникот (The Mayor's air quality programme), вклучително и воведувањето на ULEZ, веќе придонесе за намалување од **44 %** на **NO_2** покрај патиштата во центарот на Лондон помеѓу февруари 2017 и јануари 2020 година. По најавата на Владата за ограничувања на патувања поврзани со коронавирусот, нивото на сообраќај на патиштата TfL (TfL roads) паднаа за дури **60 %**, а штетниот **NO_2** е намален за околу **50 %** на некои од најпрометните патишта (улици) во Лондон. Ова покажува дека **пропорционалните политики, како што е ULEZ се исклучително ефикасни алатки**.

Заклучни согледувања

C40 Градовите и потписници на **C40 Декларација за зелени и здрави улици** веќе се движат брзо за да ги спроведат интервенциите со кои - за нешто помалку од една деценија - целосно ќе ги префрлат нивните системи за мобилност на патека со нулта емисија.

Во градовите се појавуваат четири различни прогресии за имплементација:

1. **Пилот-проекти за улици** (street pilots);
2. **Дизајн на област со одредена големина** (district-scale design);
3. **Кордон(и) за регулирање на возила** (vehicle regulation cordon(s));
4. **Временска рамка до 2030 година** (timeline to 2030).

Се гледа јасна конзистентност во интервенциите што ги применуваат градовите, вклучувајќи и **стимулации** да се регулира пристапот на возила до областа, да се поттикне промена кон употреба на **возила со нула емисија,** посилен фокус на **јавниот простор** и зголемено **пешачење**, **возење велосипед** и **јавен превоз**.

Наративот за пораки и комуникации што ги поддржува **ZEAs** се фокусира на итноста на **здравствените ризици** и **важноста на климатската криза**. Се нагласува **враќањето на урбаниот простор од возилата на луѓето**, преку планови кои се смели и амбициозни и поддржани од јавноста.

Благодарение на посветеноста на градоначалниците ширум светот, граѓаните ќе видат промени на нивните улици и во областите на градот. Тие ќе

забележат дека ќе се појави **нова нормала на урбана мобилност**, каде **приоритет е јавниот превоз, пешачењето и возењето велосипед**, ќе има помалку возила во целина и сите возила што работат ќе бидат со **нула емисија**.

Технички карактеристики – области со нула емисии

Целта на ова објаснување е да обезбедат детални насоки за обемот на обврските од **Декларацијата за зелени и здрави улици** и кои активности и технологии се во согласност со тие заложби. Декларацијата има за цел да ги постави посветените градови на **пат кон улици без фосилни горива**, **намалување на најзагадувачки возила на патиштата** и **иднина во која пешачењето и возењето велосипед и јавен (заеднички) транспорт ќе бидат начин на кој мнозинството граѓани ќе патуваат во нивните градови**.

Декларацијата бара воведување на **ZEAs** како важна акција за **подобрување на квалитетот на воздухот**, **поддршка на транзиција кон сообраќаен сектор без јаглерод** и **подобрување на животната средина во градовите**. Заложбата на **ZEAs** во декларацијата се однесува само на сообраќајот и не ги вклучува другите сектори, како што се зградите.

Секој град ќе ја имплементира заложбата на **ZEAs** на начин кој најдобро одговара на **политиката**, **законските рамки** и **културата** на нивниот град. Секој град ќе назначи **ZEAs,** земајќи ги предвид **квалитетот на воздухот**, **метежот**, **пристапот**, **здравјето** и **потребите за сообраќај (транспорт)**.

Големина и опсег на област со нула емисии (SIZE AND SCOPE OF THE ZERO EMISSIONS AREA)

Големината на зоната или областа ќе биде одредена од секој град поединечно. Сепак, C40 работи со градовите да бидат поамбициозни во имплементација на нивните области со нула емисија за да имаат поголемо влијание врз здравјето на нивните граѓани и поголемо влијание на пазарот за возила со нула емисија. Областа може да биде една голема област или повеќе помали области кои колективно се собираат на голема област на градот.

На пример, еден пристап може да биде зајакнување на критериумите на постојни забрани за дизел или зони со ниски емисии кои постојат во голем број градови за да се ограничи пристапот до сите фосилни горива и возила без нула

емисија. Друг пристап може да биде да се направат специфични соседни населби ZEAs, со тоа што ќе се дозволи пристап само на возила со нула емисија и ќе се даде приоритет на пешачењето, возењето велосипед и пристап до јавен транспорт со нула емисија.

Се препорачува да се даде фокус на области со висока активност и висок интензитет, како што се ZEA, или да се даде приоритет на густината на населението (како што се станбени или трговски области), бидејќи тие можат да донесат најзначајна корист во однос на изложеноста на загадувачи на воздухот. Се охрабрува примената на немоторизирани патувања во делови од градот, како што се возење велосипед и пешачење, како и соработката со партнери за воведување шеми за споделување велосипеди.

Моќност и реализација

Градските овластувања и мандати значително се разликуваат, така што градовите ќе треба да користат низа стратегии за да основаат **ZEAs**. На пример:

- Онаму каде што градовите имаат моќ **да ги забранат возилата кои најмногу загадуваат**, тие би можеле да го ограничат пристапот до областа за возила без нула емисија.
- Онаму каде што градовите немаат моќ да ги забранат возилата кои најмногу загадуваат, тие би можеле да воведат стимулации и механизми за наплата на корисниците на патиштата (паркиралишта и други погодности) за да може јасно да се даде приоритет на возилата со нула емисија во овие области.
- Онаму каде што градовите имаат моќ, тие би можеле да ги затворат областите за сите возила или одредени видови возила (како што се пешачки зони ‘pedestrianized 44 zones’ или зони само за пешачење, возење велосипед и јавен превоз).
- Онаму каде што овластувањата на градовите се ограничени, градоначалникот може тесно да соработува со релевантните власти за да се развие ZEA.

Кои видови возила и горива треба да бидат дозволени во ZEAs?

„**Нулта емисии**“ („Zero emissions“) се однесува на нула емисија на **стакленѝчки гасови** (GHG - greenhouse gas) од издувните цевки на возилата. Оваа рамка е избрана и одобрена од водечките потписници на GHS за да се осигура дека декларацијата за GHS ќе поттикне најзначајни подобрувања и **во квалитетот на воздухот** и **во намалување на јаглеродот**.

Додека декларацијата за GHS е намерно технолошки неутрална, моментално единствените технологии на пазарот кои имаат нула емисија на издувната цевка се **водородни горивни ќелии** (HFC - hydrogen fuel cell) или **возила со електрични батерии** (**BEVs** - battery-electric vehicles). Иако емисиите од животниот циклус и од **HFC** и од **BEV** зависат од тоа како се генерира водород и електрична енергија, тие нудат потенцијал за драматично намалување на емисиите на животниот циклус, бидејќи **производството на електрична енергија се декарбонизира**.

Други одржливи начини на патување кои не создаваат емисии на стакленѝчки гасови од издувната цевка, се: **велосипеди, електрични карго велосипеди** (electric cargo bikes) итн., кои исто така имаат опсег на чисти емисии.





Слика 4: Електрични велосипеди

За ZEA, ниту едно возило што работи на мотор со внатрешно согорување, вклучувајќи возила со биогас (biogas) и биогориво (biofuel), не ги исполнува критериумите за влез бидејќи испуштаат загадувачи на воздухот од издувните цевки. Plug-in хибриди се единствен потенцијален исклучок бидејќи работењето на електричен режим во областа со нула емисија може да биде прифатлив начин за исполнување на критериумите (можеби со користење на технологија како што е geofencing) со силен мониторинг и спроведување, но ова бара дополнително истражување.

Надвор од **ZEA**, **Декларацијата за зелени и здрави улици** (the Green and Healthy Streets declaration) намерно дозволува употреба на нефосилни горива во градовите, со разбирање дека постојат ограничени опции за технологии со нула емисија за одредени типови возила како што се **тешките товарни возила** (HGV - heavy goods vehicles), за користење во краток до среден рок. Сепак, декларацијата ја специфицира употребата на **автобуси со нула емисија** (zero emission buses) и **области со нула емисија** (zero emission areas) за да се даде конзистентна порака до производителите: дека во градовите се потребни возила со најниски можни емисии, и за емисии на стаклени гасови и за загадувачи на воздухот. **За товарните возила и возилата за испорака во градовите**, се препорачува градовите да истражуваат попаметни опции за транспорт, вклучително и опции за

испорака на последен километар и консолидација на товарниот транспорт надвор од центрите на градовите, итн.

6. Пешачење и возење велосипед

Како да се постигне трансформација за пешачење и возење велосипед во градовите

